YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

10-11

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Списанието се печати со средства на Републичката заедница на културата и Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ

Печати Граф. завод „Гоце Делчев“, Скопје, Тираж 1 000 примероци

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
ГОД. VII БР. 10—11, 1983—1984
СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ОД СРМ, СКОПЈЕ

LES ARTS PLASTIQUES
Année VII № 10—11, 1983—1984
REVUE DE L'ASSOCIATION DES HISTORIENS D'ART DE LA RÉPUBLIQUE SOCIALISTE DE MACÉDOINE, SKOPJE

Редакциски одбор:
Проф. Димче Коцо, академик
Д-р Константин Петров
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Д-р Борис Петковски
Д-р Антоние Николовски
Загорка Расолковска-Николовска
Трајан Витларски
Јасмина Чокревска-Филип
Жарко Този

Comité de rédaction:
Prof. Dimçe Koco, académicien
D-r Konstantin Petrov
D-r Petar Miljković-Pepek
D-r Boris Petkovski
D-r OAntonie Nikolovski
Zagorka Rasolkovska-Nikolovska
Trajan Vitlarski
Jasmina Čokrevska-Filip
Žarko Tozi

Одговорен уредник
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Секретар
Загорка Расолковска-Николовска
Технички уредник
Жарко Този
Јазична редакција
Евтим Манев
Превод на француски
Анка Џурѓинова

Rédacteur en chef
D-r Petar Miljković-Pepek
Secrétaire
Zagorka Rasolkoska-Nikolovska
Présentation graphique
Žarko Tozi
Correction des textes
Eftim Manev
traduction en français
Anka Djurčinova

Адреса: Музеј на Македонија, Скопје
adresse: Musées de Macédoine, Skopje

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА СРМ — СКОПЈЕ

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

## 10–11

(1983–1984)

Скопје — Skopje

1985

СОДРЖИНА ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 10—11

## СТУДИИ, РАСПРАВИ И ПРИЛОЗИ
## ETUDES, TRAITES, CONTRIBUTIONS


КОНСТАНТИН ПЕТРОВ, Нови форми на авторските сигнатури од XIII век во нашата земја II дел од прегледот — — — — — — — — — — 7
KONSTANTIN PETROV — Nouvelles formes de signatures dans les monuments du XIIIe siècle en Macédoine — — — — — — — — 7
ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, За тематиката на живописот на црквата во с. Речица — Охридско — — — — — — — — — — — — — — — — 19
CVETAN GROZDANOV — Sur les scènes bibliques de la peinture murale de l'église de Rečica, près d'Ohrid — — — — — — — — — — 19
ПЕТАР МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК — ГОЦЕ АНГЕЛИЧИН, Пештерскиот храм Воведение кај Канео во Охрид — — — — — — — — — — — 25
PETAR MILJKOVIČ-PEPEK — GOCE ANGELIČIN — L'église — caverne „Présentation au temple", située dans Kanéo, à Ohrid — — — — 25
ГОЦЕ АНГЕЛИЧИН, Прилог кон проучувањето на Охридскиот иконопис од XVII и XVIII век — — — — — — — — — — — — — — — 37
GOCE ANGELIČIN — Une contribution à l'étude des icônes du XVIIe et XVIIIe siècles — — — — — — — — — — — — — — — 37
РАДМИЛА МОМИДИЌ, Прилог кон проучувањето на сакралните објекти во македонија („Шути манастир" св. Тома с. Вардина с. Мургашево) 51
RADMILA MOMIDIĆ — Apport à l'étude des monuments sacrés en Macédoine (le monastère „Saint-Thomas" dit „Šuti manastir" des villages Vardino et Murgaševo) — — — — — — — — — — — — — 51
ЛИДИЈА КУМБАРАЏИ-БОГОЕВИЌ, Кебир Мехмед џамија во Скопје — — 55
LIDIJA KUMBARADŽI-BOGOEVIĆ — La mosquée Kebir Mehmed Čelebi à Skopje — — — — — — — — — — — — — — — — — 55
БОРИС ЧИПАН, Огласи на градителското наследство во современата македонска архитектура — — — — — — — — — — — — — — — 65
BORIS ČIPAN — Les échos de l'héritage architectonique dans la construction moderne en Macédoine — — — — — — — — — — — — — 65
ТРПА РОГАНОВИЌ, Делата на македонските ликовни уметници во збирката на Етнолошкиот музеј на Македонија — — — — — — — — — — 75
TRPA ROGANOVIQ — Les oeuvres des peintres macédoniens présentées dans la collection du Musée ethnologique de Macédoine — — — — 75
ЛИЛЈАНА ХРИСТОВА, Експрсионистичките тенденции во ликовното творештво на Борислав Траиковски — — — — — — — — — — — — 81
LILJANA HRISTOVA — Les tendances expressionnistes dans l'oeuvre picturale de Borislav Traïkovski — — — — — — — — — — — — 81
ЗЛАТКО ТЕОДОСИЕВСКИ, Прилог кон проучувањето на творештвото на Димитар Пандилов Аврамовски — — — — — — — — — — — — 91
ZLATKO TEODOSIEVSKI — Contribution à l'étude de la peinture de Dimitar Pandilov-Avramovski — — — — — — — — — — — — — 91
БОРИС ПЕТКОВСК, За творештвото на Родољуб Анастасов меѓу 1972—1984 99
BORIS PETKOVSKI — Sur la nouvelle peinture de Rodoljub Anastasov 99


## КРИТИЧКИ ОСВРТИ, ЕСЕИ
## NOTES CRITIQUES, ESSAIS


СОЊА АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Ars Erotica — — — — — — — — — 107
SONJA ABADŽIEVA-DIMITROVA — Ars erotica — — — — — — — — 107
СОЊА АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Цртежот на скулптурата во просторот (за најновиот скулпторски опус на Петар Хаџи Бошков) — — — — — 127
SONJA ABADŽIEVA-DIMITROVA — Le dessin de la sculpture dans l'espace (sur le nouvel opus du sculpteur Petar Hadôi Boškov) — — 127
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Споменичкиот комплекс „Макдониум" во Крушево — — — — — — — — — — — — — — — — — — 131
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Le complexe de monuments „Makedonium" à Kruševo — — — — — — — — — — — — — — — — — — 131
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Фигурацијата на Владимир Георгиевски — 141
VLADIMIR VELIČKOVSKI — La figuration de Vladimir Georgievski — — 141
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Мејл-артот на Плавевски и Грчев — — — 145
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Le mail-art de Plavevski et de Grçev — — 145
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Пластичните интервенции на Симон Узуновски 149
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Les interventions plastiques de Simon Uzunovski — — — — — — — — — — — — — — — — — — 149

ЗЛАТКО ТОДОРОВСКИ, Уметноста како акција, интервенција, хепенинг (кон уметничките акции во рамките на изложбата: „Нови појави во македонската ликовна уметност во последната деценија“) — — — — 151
ZLATKO TEODOSIEVSKI — L'art en tant qu'action, intervention, happeinig (sur les actions artistiques dans le cadre l'exposition: Nouveaux aspects des arts plastiques en Macédoine au cours de la dernière décénnie. — 151

**КРИТИКИ И ПРИЛОЗИ**
**CRITIQUES, CONTRIBUTIONS**

ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ, Студија „Велјуса“ од Петар Мильковиќ — висок дострел во научната и конзерваторска дејност во СРМ — — — — 157
TRAJAN VITLARSKI —La monographie „Veljussa“ de Petar Miljković, une haute réalisation de la science et de l'art de la restauration en Macédoine. — — — — — — — — — — — — — — 157
ЗАГОРКА НИКОЛОВСКА, Цветан Грозданов, „Охридското ѕидно сликарство од XIV век“ — — — — — — — — — — — — — — — — — 163
ZAGORKA NIKOLOVSKA — Cvetan Grozdanov „La peinture murale d'Ohrid au XIVe siècle“, Ohrid, 1980 — — — — — — — — — — — 163
АНТОНИЕ НИКОЛОВСКИ, Борис Петковски: „Никола Мартиноски“ (Култура, Скопје, 1982) — — — — — — — — — — — — — — — 167
ANTANIE NIKOLOVSKI — Boris Petkovski „Nikola Martinovski“ (Kultura, Skopje, 1982) — — — — — — — — — — — — — — — 167
ВИКТОРИЈА ВАСЕВА-ДИМЕСКА, Наградата „Нерешки мајстори“ — 1983 171
VIKTORIJA VASEVA-DIMESKA — Sur le prix „Les Maîtres de Nerezi“ — 1983 — — — — — — — — — — — — — — — — — 171
БОРИС ПЕТКОВСКИ, Значаен научен труд — — — — — — — — — — 177
BORIS PETKOVSKI — L'oeuvre renommé scientifique — — — — — 177

**ХРОНИКИ**
**CHRONIQUES**

ЗАХАРИНКА АЛЕКСОВА-БАЧЕВА, Хронологија на настани од областа на македонските современи ликовни и применети уметности (јануари-декември 1982) — — — — — — — — — — — — — — — — — — 179
ZAHARINKA ALEKSOSKA-BAČEVA — Chronologie des évènemants du domaine des arts modernes, plastiques et appliqués en Macédoine, de janvier à décembre 1982 — — — — — — — — — — — — — 179
ДУШАН АВРАМОВСКИ, Ликовни манифестации во СР Македонија — — 193
DUŠAN AVRAMOVSKI — Les manifestations des arts plastiques en Macédoine — — — — — — — — — — — — — — — — — — 193
АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ, Преглед на одбранети докторски дисертации и дипломски работи на ННСГ за Историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје до 31. XII 1984 година — 201
ALEKSANDAR ILIEVSKI — Tableau chronologique des thèses de doctorat et de diplôme soutenues à NNSG d'histoire de l'art et d'archéologie, de la Faculté de philosophie à Skopje, jusqu'au 31 décembre 1984) — 201

**БИБЛИОГРАФИЈА**
**BIBLIOGRAPHIE**

НЕВЕНКА ЛАЗЕСКА, Библиографии во единцијата Современо Македонско ликовно творештво — — — — — — — — — — — — — — — 209
NEVENKA LAZESKA — Les bibliographies dans l'édition des arts plastiques modernes en Macéedoine — — — — — — — — — — — — 209

**ПРОМОЦИИ НА КНИГИ**
**PROMOTIONS DES LIVRES**

ХРИСТО АНДОНОВСКИ-ПОЛЈАНСКИ Промоција на книгата Акта Велуса 217
HRISTO ANDONOV-POLJANSKI, Promotion du livre intitulé Acta Veljusa 217

**IN MEMORIAM**

БОРИС ПЕТКОВСКИ, Лазар Трифуновиќ (1929—1983) — — — — — — — 221
BORIS PETKOVSKI — Lazar Trifunović (1929—1983) — — — — — — — 221
ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, Трајан Витларски (1948—1984) — — — — — — — 225
CVETAN GROZDANOV, Trajan Vitlarski (1948—1984) — — — — — — — 225

*ЗЛАТКО ТЕОДОСИЕВСКИ*

# УМЕТНОСТА КАКО АКЦИЈА, ИНТЕРВЕНЦИЈА, ХЕПЕНИНГ

## Кон уметничките акции во рамките на изложбата: „Нови појави во македонската ликовна уметност во последната деценија"

Ако за изложбата под горниов наслов (автор на изложбата: Владимир Величковски) пишувавме како за прв сериозен обид за систематизирана презентација на новите појави и тенденции во нашата понова ликовна уметност, како и творечки напор за потемелно согледување на некои аспекти на овие појави,* тогаш е неопходно да се направи осврт и врз оној активен дел во кој учествуваа повеќе македонски ликовни уметници и архитекти, со што целата манифестација доби димензија на осмислена целина. Имено, речиси во едномесечен непрекинат континуитет, почнувајќи од само отворање на изложбата, амбиентот во и пред Домот на младите „25 Мај" претставуваше простор на предизвик за актуелните движења и размисли во македонската ликовна уметност — за уметничката акција, интервенцијата во простор, хепенингот, како појави што налагаат соодветен третман и валоризација во (или надвор од) рамките на општоприфатените „естетски" вредности.

Овие нови облици на уметничката пракса во најголема мера ги потврдија досегашните сознанија и размисли за насоченоста кон некои суштествени прашања: демократизација на уметноста и демистификација на уметничкиот чин, ослободување од медиските рамки, преиспитување на вредностите и односот меѓу старото и новото, традицијата и современото, естетското и грдото. Кај некои автори евидентна е ориентацијата повеќе кон некои современи етички отколку естетски проблеми што преминуваат во сферата на интелектуалното.

Во оваа прилика би истакнале неколку специфични проекти кои на некој начин се издвојуваат од она што досега сме имале можност да го видиме во македонската ликовна уметност, што секако не треба да се разбере како обид за некаква рангирање, или пак дека другите акции изведени во рамките на споменатата изложба, по својата идеја, концепција и реализација, заслужуваат помало внимание.

---

* Види: Златко Теодосиевски, Нови појави и размисли во македонската ликовна уметност, Културен живот 1—2/1984.

*Искра Грабулоска* веќе ја познаваме по неконвенционалниот авторски пристап кон вакви манифестации и готовност да се зафати и учествува со свој проект во акции што имаат цел да дадат едно поинакво видување на уметничкиот ангажман. За оваа прилика Грабулоска, го „украси" влезот во Домот на младите со завеса од густо поставени тенки хартиени ленти. На тој начин влезот како да прерасна во граница меѓу два света, два начина на размислување — бариера низ која посетителите мораа да си го пробиваат патот до она што беше внатре предложено како ново видување и толкување на уметноста. Така, авторот предложи два можни начина за „продор" во новата уметност: грижливо, внимателно приоѓање и минување низ поставените „пречки", или бескропромисен пробив и рушење на бариерата. Оттука, можеме да размислуваме за интервенцијата како статистичка предлошка за испитување на јавното мислење и однесување. Индикативен е фактот дека замислата на авторот остана речиси негибната — повеќето од посетителите претпазливо се движеа грижејќи се да не оштетат некој елемент од бариерата, да не го допрат или уништат „уметничкото дело".

*Новица Арсовски*, студент на Академијата за ликовна уметност, поврзувајќи елементи на јогата и ликовното во форма на „жива скулптура" провоцираше едно свое видување на боди-артот, инаку сосем редок во македонската уметност. Би рекле дека Арсовски постигна релативно висок степен на визуално-естетско единство и медитативна комуникација, со елементи на ликовно-скулпторски експеримент, филозофска порака. Преку еден специфичен јазик не телото, кој прераснува во мета јазик и низ кој провејува мистичната источна филозофија. уметникот се трансформира во уметност. „Живата скулптура" на Арсовски провоцира и низа суштествени прашања за самото битие на уметноста, разорувањето на митот за уметничкото дело, неговото место и функција, продажната моќ и уметничката вредност, итн.

*Ристо Мијаковски* се претстави со хепенингот од експерименталниот циклус „Каде оди човештвото?" Потенцирајќи ги урбаните технолошки-еколошки белези на денешнината, авторот гради драматични поврзани во едниството на универзалната идеја за безизлезот на современата цивилизација и надвиснататата еколошка катастрофа. По својата надворешна структура, хепенингот на Мијаковски и неговите соработници е близок до некои разбирања на модерниот театар, до една „претстава" во неколку слики што можат да се модифицираат сообразно на условите и потребите, со соодветно приспособена сценографија, текстуални импровизации и слично. Комплетната инсценација и реквизити (гас-маски, пречки, отпаден материјал, женски и машки акт, медицинска лабораторија, чад) е во функција на основната идеја — да шокира, да предизвика страв, загриженост, но пред сѐ да поттикне кон размислување и акција за зачувување на она што сѐ уште може да се зачува од изгледната катаклизма. Изведбата има свој континуитет и ритам што го води вниманието од едни навидум спокојни, шаблонски движења по строго определени насочници, патокази, прескокнување пречки, преку заглушната врева на децибелите на тркачкиот мотор го воведува во светот на апатичната обезличена двојка налик на музеј-

ски експонати, од чија привидна човеколикост, по внесувањето во „научната лабораторија“ на денешнината (или утрешнината), ќе останат само гипсени одливи како неми сведоци на едно постоење. Бесцелните, неми движења низ загадените простори на технолошката цивилизација, едноличните безизразни ликови лишени од секакви чувства, се сместени во навидум недефиниран простор и време, но со јасни асоцијации и универзална сеопфатност на идејата упатена до човештвото во целина.

Едно од најкомплетните доживувања имавме во проектот „Повторното раѓање на Венера“, автор: *Слободан Филовски* и со учество во изведбата на Лилјана Митевска, Марија Тошева и Михајло Куфојанакис (виолина). Можеме да зборуваме за специфично мултидијално истражување на релациите аудио-визуелно-ликовно, т.е. звук-боја-светлина, со нагласена процесуалност и елементи на гестуалниот театар во непрекинатото трагање по вечниот идеал на убавото. Веднаш треба да се нагласи дека се работи за комплетен „режиран“ проект кој се оддалечува од она што вообичаено го подразбираме под поимот хепенинг; какви било изнасилени импровизации едноставно би ја нарушиле целината на идејата и поставката кои наметнуваат не мали сценографски и режиски подготовки, соодветна костимографија и неопходни реквизити. Оттука, нема да е претерано ако речеме дека станува збор за мултимедијално авторско дело, мала експериментална сцена што ги надминува класичните претпоставки на хепенингот и инсистира на една комплексна амбиетација и визуелизација во функција на откривање, осмислување и реализација на основната идеја. Филовски императивно ја налага реинкарнацијата на идеалот на убавото низ една нова динамична изразна форма, што ќе рече една квалитетно нова категорија на убавото, ослободена од конвенционалното поимање, присутните предрасуди и „нискочовечки манипулации и користење“. „Читањето“ на проектот, осмислено со симболичната проткаеност со елементи од стариот мит, се вклопува во контексот на оној сѐ поприсутен отпор против безредието на анархичните индивидуализми и безлични пренемагања во современата уметност, повикување на некакви приватни „естетики“ и деградација на убавото. Филовски ни понуди своја сценска визија на можните насоки во потрагата по новиот идеал, откривајќи ја „новата божица“ во „небеското“ разлевање на бојата врз девствената белина, во шумот на природата и милозвучноста на виолината. Будејќи ги заспаните сетила со рескиот звук на „реформистичкото ѕвоно“, Филовски се залага за нов, активен, творечки однос во истражувањето и осмислувањето на светот околу нас, во кој секој одделно и сите заедно стоиме пред императивот на изградување на еден квалитетно поинаков став и мснување, или обнова на нашите разбирања „а уметноста — убавото.

Од другите изведени акции секако треба да се одбележат: инвентивната корелација на сценичност, симболична функција на бојата и гестот на сликањето во „Егзекуцијата на догматското во критиката и уметноста“ од *Слободан Филовски* и *Владимир Величковски;* каракте-

ристичните инсталации од селотејп и хартија на *Симон Узуновски;* интервенцијата со впечатливото симболично поврзување на ликот на Гоце Делчев и непосредното учество на публиката во визуелното обликување на дадениот простор, од *Владимир Величковски* (идејно коавторство на Томо Шијак); благородната порака на акцијата „Садење дрво од случаен минувач" на Мирко Станковиќ и Ѓока Радовановиќ итн.

Погледнато во целост, новите ангажирања и размислувања на македонските ликовни уметници, посебно оние од помладата генерација, назначуваат еден квалитетно нов правец во развојот на уметничката мисла кај нас, упатена кон натамошно ослободување од сите предрасуди за суштината и егзистенцијата на уметничкото дело.



Слободан Филовски: „Повторно раѓање на Венера“



Новица Арсовски: „Жива скулптура“



Владимир Величковски (Томо Шијак): „Гоце“



Киро Јосифов: „Оглдала“

